РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup
23.08.2023
09 - 1128/1

Прилог

# ОБРАЗЕЦ
за
Извештајот за работата на Одборот за евалуација

| 1. Правна рамка |
|---|
| • Одборот за евалуација (ОЕ) врз основа на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82. од 08.05.2018), Деловникот за работа на Одборот за евалуација и Извештајот на комисиите за евалуација на високообразовните установи, ја следи дејноста на високообразовните установи на кои им е дадена акредитација и решение за почеток со работа.<br>• Го следи и оценува квалитетот на вршењето на високообразовната дејност, научноистражувачката, уметничката и стручната работа на академскиот кадар на високообразовните установи, а посебно на нивните студиски програми најмалку на секои пет години и врз основа на тоа му предлага на Одборот за акредитација да ја продолжи или одземе акредитацијата.<br>• Предлага Правилник за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација до Националниот совет за високо образование.<br>• Дава препораки потребни за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.<br>• Врши и други работи согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.<br>• Врши и други работи утврдени со Закон.<br>• Одборот за евалуација на секои шест месеци доставува извештај за својата работа до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. Образецот за извештајот го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование. Извештајот задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет и на веб страната на министерството надлежно за работите на високото образование. |
| 2. Состав на Одборот за евалуација |
| **Шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија избрани со тајно гласање од Интеруниверзитетската конференција:**<br>Проф. д-р Иван Радевски (природно-математички науки од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје).<br><br>Проф. д-р Владо Гичев (техничко-технолошки науки од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип).<br><br>Проф. д-р Ирина Петровска (хуманистички науки од Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола).<br><br>Проф. д-р Руменка Петковска (медицински науки и здравство од Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.<br><br>**НАПОМЕНА:** Петтиот и шестиот член сеуште не се именувани од Интеруниверзитетска конференција, после престанокот на мандатите на:<br>- проф. д-р Билјана Кузмановска која од професионални и лични причини поднесе оставка и<br>- проф. д-р Јусуф Зејнели, кој е избран за декан на Правниот факултет на Државниот универзитет во Тетово.<br><br>По барање на Одборот, службите на АКВО доставија барање до Интеруниверзитетска конференција за именување на два нови членови, на кое до крајот на овој извештаен |

период сеуште нема одговор.

**Шест членови именувани од Владата на Република Северна Македонија, од редот на професорите во работен однос на јавните универзитети во Република Северна Македонија:**

Проф. д-р Цвете Димитриеска (Универзитет „Св.Климент Охридски“ во Битола)

Проф. д-р Марина Митревска (Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје).

Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ (Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје).

Проф. д-р Јетмира Алимани Јакупи (Државен Универзитет во Тетово).

**НАПОМЕНА:**

На почетокот на извештајниот период проф. д-р Цвете Димитриеска поднесе оставка. После престанокот на мандатите на проф. д-р Метуш Сулејмани, кој замина во пензија и на проф. д-р Цвете Димитриеска која поднесе оставка, по барање на Одборот, службите на АКВО поднесоа барање до Влада на Р. С. Македонија за номинирање на два нови членови за пополнување на испразнетите места, како и еден член кој не е номиниран уште од почетокот на работата на Одборот. На ова барање до крајот на овој извештаен период, т.е. 30 јуни 2023 год. сеуште нема одговор.

**Еден член именуван од најрепрезентативната организација на работодавачи:**

Ангел Димитров (Организација на работодавачи во Македонија).

**Еден член именуван од Македонската академија на науките и уметностите:**

Академик Владо Матевски (Македонска академија на науките и уметностите).

**Еден член избран од редот на студентите избран од Интеруниверзитетска конференција:**

Во извештајниот период нема делегиран претставник од редот на студентите од страна на Интеруниверзитетска конференција, како и во претходниот период, од конституирањето на Одборот за евалуација.

**ЗАБЕЛЕШКА:**
Согласно член 52 став 6 од ЗВО, мандатот на членот на Одборот од редот на студентите трае две години. Ова значи дека на Интеруниверзитетска конференција треба да се поведе постапка за избор на нов претставник од редот на студентите во скоро време, за што Интеруниверзитетската конференција е навремено информирана од страна на Одборот за евалуација и директорот на АКВО.

3. Надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација

- Во периодот за кој се однесува Извештајот, надворешни стручни лица во комисиите, работните групи односно работните тела на Одборот не беа вклучени.

4. Краток преглед за општата оценка за периодот 01/01/2023- 30/06/2023 (6 месеци)

- Одборот за евалуација во претходниот период, одржа вкупно дванаесет редовни седници (два пати месечно) и по укажана потреба одржа и дополнителни состаноци на комисии и работни групи заради извршување на одредени задачи.
- Седниците во овој период се одржуваа онлајн, преку платформата Teams, освен

една седница која се одржа со физичко присуство на 11.04.2023 год. во просториите на Клубот на пратеници.

- Во почетокот на овој извештаен период, претседателот и потпретседателката на Одборот се состанаа со ресорниот министер. Целта на оваа средба беше да се запознае министерот со активностите на Одборот и да се побара финансиска поддршка од министерството за спроведување на некои активности поврзани со претстојната надворешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија. Конкретно беше побарано министерството да ја финансира обуката на членовите на стручни комисии и печатењето на сертификати за завршена обука. Министерот го прифати ова барање.
- Во консултација со неколку домашни експерти кои имаат искуство во евалуација на странски високообразовни установи, за експерт кој ќе ја спроведува обуката беше избрана м-р. Марија Василевска, докторант на универзитетот Американ колеџ, искусен евалуатор на повеќе универзитети во земји членки на ЕУ.
- Претседателот на Одборот во соработка со директорот на АКВО, испрати барање до сите високообразовни установи во земјата да доставaт податоци за број на студенти и број на студиски програми. Овие параметри согласно со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација (во понатамошниот текст Правилник) се неопходни за вршење на надворешна евалуација.
- На 15.03.2023 год. се одржа координативен состанок меѓу релевантните институции за унапредување на високото образование под покровителство на Националниот совет и министерството за образование и наука. Одборот за евалуација го претставуваше потпретседателката проф. д-р. Јетмире Алимани Јакупи. Таа го запозна присутните со активностите, плановите и предизвиците пред кои стои Одборот во претстојниот период.
- Во согласност со Правилникот, ОЕ распиша конкурси за странски експерти и студенти за вршење на надворешна евалуација. Конкурсот за странски експерти во согласност со член 11 од Правилникот беше објавен на интернет страните на ENQA и на EUA. Конкурсот за студенти во согласност со член 13 од Правилникот беше објавен на интернет страната на АКВО. Условите за избор на странски експерти беа во согласност со член 10, а постапката за избор се спроведе согласно член 11 од Правилникот. Условите за избор на студенти беа во согласност со член 12, а постапката за избор се спроведе во согласност со член 13 од Правилникот. Во согласност со членовите 11 и 13 од Правилникот, конкурсите траеа 30 дена, од 12 април до 11 мај 2023 година.
  На објавениот конкурс од редовите на странски експерти се пријавија триесет и три апликанти од кои петнаесет ги исполнуваа условите. Овие петнаесет заедно со претходно избраните четиринаесет експерти влегуваат во Регистерот на странски експерти во кој моментално има дваесет и девет странски експерти. Од редот на студентите се пријави само еден студент кој ги исполнуваше условите на конкурсот и заедно со претходно избраните девет студенти влегуваат во Регистерот на студенти за вршење на надворешна евалуација.
- Со припрема на Регистерот за странски експерти и Регистерот за студенти и нивно прикачување на интернет страната на АКВО се заокружи годишниот избор на странски експерти и студенти за надворешна евалуација на високо образовните установи во Република Северна Македонија.
- По изборот на странски експерти и студенти за вршење на надворешна евалуација и по добиените одговори од високообразовните установи за број на студенти и број на студиски програми, а во согласност со Правилникот, Одборот работеше на припрема на Годишен план, во кој треба да се селектираат високообразовни установи кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација во претстојниот период како и бројот на членови во стручни комисии. Врз основа на постоечките човечки ресурси, беше донесен заклучок дека во претстојниот период ќе се врши евалуација само на високообразовни установи од подрачјата 5 – Општествени науки и 6 – Хуманистички науки.
- На крајот на извештајниот период, на 29 јуни беше одржана обука за надворешна

евалуација на членовите на Одборот, на избраните странски експерти и студенти. Обуката ја одржа м-р Марија Василевска он-лине. Општа оценка на сите присутни беше дека обуката беше одлично организирана и спроведена.

- Исто така, Одборот за евалуација и во овој шестмесечен период имаше интензивна соработка со сите релевантни институции и тела, односно АКВО, МОН и Националниот совет, со цел реализирање на своите законски и работни обврски.

**5. Краток преглед за наредниот период 01/08/2023- 31/12/2023**

Со изборот на странски експерти и студенти за надворешна евалуација и следејќи го редоследот на постапки во Правилникот, следни активности на Одборот во наредниот шестмесечен период би биле:

- Донесување на Годишниот план за спроведување на надворешна евалуација и селектирање на високообразовни установи кои ќе бидат предмет на надворешна евалуација – планиран период 09/2023.
- Формирање стручни комисии за надворешна евалуација на селектираните високообразовни установи – планиран период 09/2023 – 09/2023
- Претседателот на ОЕ најдоцна 60 дена пред посетата на високообразовната установа која е предмет на надворешна евалуација, ќе ја достави одлуката за формирање на стручната комисија до високообразовната установа – планиран период 09/2023.
- Потпишување на Договор за ангажман на членовите на стручните комисии и АКВО. Потпишување изјави на членовите на стручните комисии за доверливост, заштита и неоткривање на информации како и изјава за отсуство на конфликт на интереси – планиран период 09/2023.
- Сите членови на стручни комисии за надворешна евалуација ќе добијат сертификати за следење обука од Одборот за евалуација - планиран период 09/2023 – 10/2023.
- Во рок од 30 дена од приемот на одлуката за формирање на стручна комисија, високообразовната установа треба да достави извештаи за самоевалуација во последните пет години, пропратна документација и други акти од интерес на надворешната евалуација
  Разгледување и евалуација на доставените материјали од страна на Стручните комисии – планиран период 10/2023.
- Посети на ВОУ од страна на Стручните комисии – планиран период 11/2023.
- Пишување извештаи и оценување на извршената надворешна евалуација од страна на Стручните комисии.
- Поднесување за усвојување на истите од страна на Одборот за евалуација на високото образование – планиран период 11.2023 – 12.2023 година.
- Усвојување на извештаите од спроведените надворешни евалуации на ВОУ од страна на Одборот за евалуација – планиран период 12/2023 година.
- Доставување на извештаите од надворешна евалуација до ВОУ кои биле предмет на надворешна евалуација – планиран период 12/2023 година.
- Во случај на постоење на предлог за одземање на акредитација на ВОУ или одредени студиски програми во извештаите од надворешна евалуација, доставување на извештаите до Одборот за акредитација за нивно понатамошно постапување – планиран период 12/2023 година.
- Понатамошна соработка со релевентните чинители кои придонесуваат за зголемување на квалитетот на високото образование.

6. Организација на работата

- Организацијата на работата на Одборот за евалуација, е поблиску уредена со Деловникот за работа кој го донесе Одборот за евалуација.
  По усвојување на Правилникот, Одборот за евалуација изработи и усвои нов Деловник за работа во кој се инкорпорирани неколку одредби од Правилникот.

- Одборот за евалуација од редот на членовите избира претседател и заменик претседател.

- Согласно укажани потреби се формираат комисии и работни групи, како што се работна група за подготовка на Јавен повик за странски експерти и студенти за спроведување на надворешна евалуација, комисија за изработка на Шестмесечен извештај за работата на Одборот за евалуација, работна група за припрема на сертификат за успешно завршена обука на член на стручна комисија, како и други комисии и работни групи со цел да се реализираат одредени тековни активности кои се во надлежност на Одборот за евалуација.

Одборот за евалуација во изминатиот шестмесечен период одржа вкупно дванаесет редовни седници (49 до 60-та седница на Одборот за евалуација), како и неколку седници на комисии и работни групи по укажана потреба. Текот на активностите на ОЕ во продолжение е даден хронолошки, според дневниот ред на одржаните седници во периодот 01 јануари – 30 јуни 2023 година.

1. На 49-та седница на ОЕ одржана на 11 јануари беше усвоен Извештајот за шестмесечна работа на ОЕ во периодот 1 јули – 31 декември 2022 година.

2. На 50-та седница на Одборот за евалуација одржана на 31 јануари, се формира трочлена работна група за припрема на годишниот план за надворешна евалуација.

3. На првата седница во февруари (51 седница на Одборот за евалуација) одржана на 17 февруари, се дискутираше за организација на обука, припрема на упатство за вршење на надворешна евалуација и избор на домашни експерти кои ќе ја спроведат обуката и ќе го напишат упатството. Во накнадни консултации со ресорното министерство, беше одлучено да биде избран само еден домашен експерт кој ќе ја организира и одржи обуката и ќе го подготви упатството за надворешна евалуација.

4. Втората седница во февруари, односно 52-та седница на Одборот, се одржа на 28 февруари. На оваа седница беше одлучено да обуката се организира on-line и на неа да присуствуваат сите потенцијални членови на стручни комисии, како би се редуцирале трошоците на обуката. Во потенцијални членови на стручни комисии спаѓаат членови на Одборот за евалуација, избрани студенти и странски експерти во првиот повик во 2022 како и студентите и странските експерти кои ќе бидат избрани во вториот повик кој ќе се организира во април 2023 година.

5. Пеесет и третата седница на Одборот, прва во март, се одржа на 10 март 2023 година. На оваа седница во согласност со членовите 10, 11, 12 и 13 од Правилникот, се донесе одлука за Јавен повик за странски експерти и студенти за вршење надворешна евалуација. Повикот за избор на студенти беше објавен на интернет страната на АКВО. Повикот за странски експерти за надворешна евалуација беше објавен на интернет страната на ENQA и на интернет страната на европската асоцијација на универзитети (EUA). На оваа седница беше донесена одлука и за избор на двочлена комисија која ке ги прима апликациите на овие конкурси.

6. Втората седница во март, пеесет и четврта на Одборот, се одржа на 31 март 2023 година. На неа се разгледуваше текстот и форматот на договорот меѓу АКВО и членовите на стручните комисии кој беше изготвен од АКВО. Во посебна точка од дневниот ред, подпретседателката го запозна Одборот со дискусиите и заклучоците на координативниот состанок меѓу релевантните чинители во високото образование.

7. Пеесет и петтата седница на Одборот за евалуација се одржа на 11 април 2023 во Клуб на пратеници. На неа се дискутираше за општи прашања околу организацијата и спроведување на надворешната евалуација.

8. На пеесет и шестата седница одржана на 28 април 2023 година, комисијата за прием на апликации го запозна Одборот со бројот на дотогаш пристигнати апликации. Покрај тоа, претседателот презентира листа и го запозна Одборот со пристигнати одговори од високообразовни установи (во понатамошниот текст ВОУ) за број на студенти и број на студиски програми.

9. На пеесет и седмата седница на Одборот, одржана на 19 мај 2023 година беа усвоени листи на примени странски експерти и студенти по конкурс од 12 април 2023 година. Овие примени кандидати беа воведени во соодветните регистри. Поради големиот број на пријавени кандидати во подрачје 5 – Општествени науки, евалуацијата на кандидатите во ова подрачје беше одложена за следната седница.

10. Пеесет и осмата седница на Одборот се оддржа на 26 мај 2023 година. На оваа седница беше утврдена и листата на примени странски експерти во подрачје 5. Исто така на оваа седница, врз основа на расположивите евалуатори во регистерот, се дискутираше и за бројот на ВОУ кои ќе бидат евалуирани до крајот на годината како и за бројноста на стручните комисии.

11. Пеесет и деветтата седница на Одборот се одржа на 9 јуни 2023 година. Конечните регистри на странски експерти и студенти беа објавени на интернет страната на АКВО. Врз основа на постоечките ресурси, беше одлучено да во оваа година евалуации се вршат само во подрачјата 5 – Општествени науки и 6 – Хуманистички науки.

12. Последната, 60 седница на Одборот во овој полугодишен период се одржа на 23 јуни 2023 година. Главна точка на дневниот ред беше разгледување на Годишниот план за периодот 1.06.2023 до 28.02.2024 година во кој се дефинирани ВОУ кои ќе се евалуираат во овој период и бројноста на стручните комисии за надворешна евалуација. Врз основа на вкупниот број на студенти во сите три циклуси во учебната 2022/23 година и исплата на хонорари на членови на стручни комисии, претседателот подготви груба финансиска анализа за приходи и расходи на Одборот. Средствата кои остануваат ќе бидат искористени да се покријат трошоците за авионски билети и сместување на странските експерти, внатрешен транспорт меѓу различни ВОУ, и т.н.

7. Преглед на финансиското работење

- Во согласност со член 17 од Правилникот, за успешно спроведување на надворешната евалуација се организира обука за членовите на стручните комисии. Со оваа обука, членовите на стручните комисии се стекнуваат со теоретски познавања и практични вештини во врска со системот на високото образование во Република Северна Македонија, постапката и методологијата за надворешна евалуација, стандардите за квалитет во високото образование, релевантните обрасци за спроведување на постапката, како и други релевантни аспекти на надворешната евалуација. Според овој член од Правилникот, трошоците за обуката ги сноси АКВО.

- Во однос на останатите аспекти од финансиското работење, Одборот ќе се произнесе кога ќе започнат активностите поврзани со евалуација на високообразовните установи и студиските програми, односно кога комисиите, согласно годишниот план за работа ќе станат мобилни, со реално направени трошоци. Од таа причина, во овој извештаен период финансиското работење на Одборот е поврзано само со исплата на редовните месечни надоместоци на членовите на Одборот.

8. Разгледувани и усвоени прописи

- Разгледување на Законот за националната рамка на квалификации (Службен Весник бр.137/2013 и 30/2016 година).
- Разгледување на Законот за високото образование (Службен Весник бр.82/2018).

- Разгледување на Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи донесен од Националниот Совет.
- Разгледување на Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми (Службен весник бр. 256 од 28.11.2022)
- Утврден текст за јавен повик за странски експерти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.
- Утврден текст за јавен повик за студенти за спроведување на надворешна евалуација и образец за пријавување.
- Разгледување на предлог Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовната установа и студиските програми.
- Разгледување на Упатства за изготвување на документација за Извештај за самоевалуација и оценување на квалитетот на високообразовните установи и студиските програми.
- Разгледување на прописи поврзани со спроведување на надворешна евалуација на работењето на Одборот за евалуација.

9. Тековна состојба за усогласеноста на постапките со ESG2015

- Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, кој Одборот за евалуација го усвои е целосно усогласен со Стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). Овој правен акт е основа за вршење на надворешна и внатрешна евалуација на високообразовните установи во Република Северна Македонија, во кој поблиску се опишани стандардите и насоките за спроведување на евалуацијата.
- Одборот за евалуција во овој извештаен период, а во согласност со Правилникот ги прецизира условите на конкурсот за странски експерти, договорот за правата и обврските на членови на стручни комисии во надворешна евалуација на високообразовни установи, примероците на извештаи за сите надлежни тела, модел за изјави, сертификати од успешно завршени обуки и др.
- Во постапката за избор на странски експерти и студенти за извршување на надворешна евалуација Одборот за евалуација постапуваше транспарентно и ги извести сите апликанти кои се јавија на конкурсот околу одлуките за изборот. Апликантите кои не беа избрани добија образложение зошто се одбиени, а на избраните апликанти им беше објаснето кои се нивните права и обврски во постапката на надворешна евалуација.
- Одборот за евалуација во извештајниот период ја продолжи коресподенцијата со ENQA, кои согласно веќе воспоставената пракса го информираат ОЕ за одредени активности поврзани со квалитетот на високото образование.

10. Систем за обезбедување на квалитет

10.1 Внатрешен систем за обезбедување на квалитет и интегритет

Во разгледуваниот извештаен период немаше активност од овој вид.

Извештај од спроведена самоевалуација на ОЕ на ВО на РСМ согласно Упатството, се доставува еднаш во две години од мандатот на членовите на ОЕ.

Самоевалуација на ОЕ се изврши во извештајниот период 1.01- 30.06.2022 година

Членовите на ОЕ на редовна седница, ги констатираа наодите во изготвениот Извештај од спроведена самоевалуација на ОЕ на ВО на РСМ за периодот март 2020 до февруари 2022 год. Ваков Извештај согласно Упатството, се доставува еднаш во две години од мандатот на членовите на ОЕ.

10.2 Надворешна проверка на работата

- Процесот на надворешна проверка на работата на Одборот за евалуација, додека не се предвиди поинаку, се врши на овој начин со изготвување на полугодишни извештаи за работата на Одборот, кои се доставуваат до министерството надлежно за работите на високото образование и до Националниот совет. РСМ сеуште е придружна членка на ENQA, а со полноправното учество на нашата држава во оваа европска асоцијација, обврската за надворешна проверка на работата на Одборот, ќе се реализира согласно европските стандарди и регулативи.

| |
|---|
| 11. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за продолжување на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација, во изминатите 6 месеци од овој извештаен период од своето работење, сеуште нема извршено надворешна евалуација на ВОУ и студиски програми. Оттука, Одборот за евалуација нема доставено предлози за продолжување на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација и во овој извештаен период. |
| 12. Предлози до Одборот за акредитација на високото образование за одземање на акредитации на студиски програми |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема доставено предлози за одземање на акредитации на студиски програми до Одборот за акредитација, од причина наведена во точка 11. |
| 13. Оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност |
| Одборот за евалуација во овој извештаен период нема дадено оценка за квалитетот на вршењето на високообразовната дејност на ВОУ во Република Северна Македонија, од причина наведена во точка 11. |
| 14. Оценка за квалитетот на уметничката и стручната работа |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на изведувањето на уметничката и стручната работа на кадарот на ВОУ во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 15. Оценка за releватноста и квалитетот на научните истражувања |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за релевантноста и квалитетот на научните истражувања во овој извештаен период, од причина наведена во точка 11. |
| 16. Оценка на квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот и релевантноста на докторските, магистерските и специјалистичките трудови на високообразовните установи, од причина наведена во точка 11. |
| 17. Оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма |
| Одборот за евалуација нема дадено оценка за квалитетот на резултатите од учењето и нивното исполнување според структурата и активностите на студиската програма. Причините се наведени во континуитет, во погоре наведените точки. |
| 18. Оценка за системите и постапките за самоевалуација и релеватноста на студентските анкети |
| Заради неможноста да се формираат стручните комисии, не се разгледувани и анализирани постапките за самоевалуација и студентските анкети. |
| 19. Дадени препораки за подобрување на нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност или дадени други препораки поврзани со делокругот на работа |
| Стручните комисии сеуште не се формирани со што не се создадени услови да се дадат конкретни препораки по извршена евалуација. |
| 20. Оценка за наодите за оценувањата, нивната примена и релевантност, за постигнувањето на резултатите од учењето на студентите кои ги применуваат високообразовните или научните установи |

| |
|---|
| Одборот за евалуација не пристапи кон оценувања на постигањата на резултатите од учењето на студентите заради неможноста да се исполнат условите предвидени во Законот за високото образование. |
| 21. Разгледувани жалби и постапките по нив |
| Во Одборот за евалуација во изминатиот период не се водени постапки по жалби. |

| |
|---|
| 22. Обуки за членовите на Одборот |
| Во извештајниот период, на 29 јуни 2023 се одржа on-line обука на членовите на Одборот за евалуација, странските експерти и студенти за вршење надворешна евалуација. Обуката ја организира и ја спроведе м-р Марија Василевска, искусен евалуатор на високообразовни установи на Европскиот простор. Општ впечаток на аудиториумот беше дека обуката беше одлично организирана и спроведена. За членовите на Одборот, студентите и странските експерти кои не беа во можност да ја следат оваа обука, предавачот се обврза да одржи уште една обука на почетокот на есента. |
| 23. Обуки за надворешни стручни лица вклучени во постапките за евалуација |
| Како што беше напоменато во претходната точка, на 29 јуни се одржа обука за надворешна евалуација на ВОУ во Р. Северна Македонија и за избраните странските евалуатори. |
| 24. Учества на конференции/состаноци |
| / |
| 25. Посети на делегации |
| / |
| 26. Остварена соработка |
| Во извештајниот период, потпретседателката на ОЕ, проф. д-р Јетмире Алимани Јакупи учествуваше на координативниот состанок меѓу релевантните чинители во високото образование организиран од Министерството за образование и наука и од Националниот Совет. Претседателот, проф. д-р. Владо Гичев, оствари повеќе средби со ресорниот министер доц. д-р Јетон Шаќири, неколку работни состаноци со претседателот на Националниот совет, проф. д-р Тодор Серафимовски, како и со директорот на АКВО, д-р Агим Рушити. |
| 27. Издавачка дејност |
| / |
| 28. Состојба со мрежната страница на Одборот |
| http://www.akvo.mk, Службата на АКВО е одговорна за одржување на мрежната страница. Донесените акти од страна на Одборот за евалуација преку архива на АКВО се доставени до АКВО и истите се објавени на Веб страната. |
| 29. Разгледувани документи и тематски анализи |
| • Закон за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр.82/2018 година. <br>• Стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование (*Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area* или ESG, 2015). |
| |
| |
| Претседател на Одборот за евалуација |
| Име и презиме, потпис |
| Место и датум, Скопје, 21.08.2023 — проф. д-р Владо Гичев |